

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

## ЗА ПЕРИОДОТ 2018 – 2023 г.

**Декември 2017**

## СОДРЖИНА


ВОВЕД

ПРОФИЛ НА ЗАЕДНИЦАТА

РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

МЕТОДОЛОГИЈА

РЕЗИМЕ

ДИЈАГНОЗА

SWOT / СВОТ АНАЛИЗА

СТРАТЕГИЈА

ПЛАН ЗА АКЦИЈА

ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

## ВОВЕД

Општина Пехчево е погранична општина со 5517 жители, која од исток граничи со Општина Сандански( Република Бугарија ), од север со Општина Делчево и од југ и запад со Општина Берово.

Регионот на Малеш и Општина Пехчево надалеку се познати по недопрените природни убавини, чистиот воздух, производството на органска храна, археолошките локалитети, културата и традиционалните занаети и заедно со традиционалното гостопримство и љубезност, претпоставуваат идеални можности за развој на Руралниот Туризам.

Распослано на двата брега на Пехчевска Река, под падините на планината Влаина на надморска височина од 1.000 метри, се наоѓа Пехчево, живописно место  опколено со големи и длабоки борови шуми, ладни потоци. Место каде се дише чист планински воздух.

Иако мало, ова гратче има долга историја. Постанокот на Пехчево според народните преданија и расположливите пишувани документи е поврзан со доаѓањето на Турците на Балканскиот полуостров. За постоењето на оваа старата населба зборуваат и многуте имиња и темелите на старата римска населба во која се топела рудата од околните рудници. Според жителите на Пехчево токму по тие печки населбата го добила името. Густите шуми испреплетени со патеки ќе ве однесат до Раковец, каде што се наоѓала старата римска рударска населба. Во средновековието населбата била важен стопански и административен центар. Се верува дека во близина на Пехчево се наоѓаат темелите на средновековниот книжевен центар Равен, каде што браќата Кирил и Методија ја создале глаголицата, најстарото писмо на Словените.

Податоците за овој крај велат дека градот според занимањата на жителите бил поделен на три маала. Во маалото Катеринци, најгоре во близина на пасиштата, живееле сточари. За да се дојдело до тоа маало, луѓето морале да се “катарат” или искачат. Во Горно маало живееле трговците и занаетчиите, а долномаалци биле земјоделци и градинари.

## ПРОФИЛ НА ЗАЕДНИЦАТА/(Општи информации за Општина Пехчево)

**Географска положба**







Општина Пехчево го зафаќа најисточниот дел од Република Македонија, односно претставува составен дел на поширокиот регион на Малеш кој се наоѓа помеѓу 41°06' и 41°53' источна географска широчина и 22°37' и 23°12' северна географска должина.

Малеш или Малешевската висорамнина во чиј опфат се наоѓа територијата на Општина Пехчево, од исток е заградена со Влаина Планина, од запад со Плачковица, од југ со Малешевските Планини и од север со регионот на Пијанец и надморска височина на простирање од 750м до 1050м, претставува специфична географска целина, чија морфолошко-дијалектичка, етнолошка и културна посебност го прави овој регион по многу што посебен и интересен.Од источната страна врвот Кадиица го разделува овој регион од долината на реката Струма (Р. Бугарија), од југ планината Огражден не дели од

плодната Струмичка котлина, а од запад широко распространетиот масив на Плачковица не одделува од Радовишката котлина.

На територијата на Општина Пехчево на 23°12' северна географска должина, близу до врвот Ченгино кале (1750м) на кота 1744 се наоѓа најисточната точка во Република Македонија.

Територијата на Општина Пехчево зафаќа 206,88 км² со 7( седум )населени места од кои еден урбан центар (градот Пехчево во кој е и седиштето на општината) и 6( шест ) рурални населени места.Урбаниот опфат на градот во однос на општината зафаќа 172,84ха, односно 250ха на површина на руралните области на селата Умлена, Робово, Чифлик, Негрево, Панчарево и Црник.

**Клима**

Со оглед на тоа дека природно-географските особини и местоположбата ги определуваат климатските карактеристики, во регионот на Малеш и Општина Пехчево и согласно на планинскиот карактер на просторот, на оваа подрачје се дефинира умерено-континентална клима со модификации и климатски типови во однос на планинските и рамничарските делови.

Територијата на Општина Пехчево претставува специфично климатско подрачје најповеќе поради големата надморска височина (градот Пехчево се наоѓа на 1050м надморска височина), и заобиколеноста на пониските делови со високи планински венци кои го ,,затвораат,, овој простор.

Климата во Општина Пехчево е типично планинска и се одликува со студени и врнежливи зими и свежи лета.

За планинската клима во Општина Пехчево зборува и фактот дека шумските површини зафаќаат околу 38% од територијата на општината или шумската распространетост зафаќа вкупно 6775 ха.

Просечната надморска височина во Општина Пехчево од околу 1400 м, истотака многу влијае на климата во општината, нивото на врнежи, облачноста, ружата на ветровите и сл.

Највисоки врвови во Општина Пехчево се:

- Кадиица со 1932 метри надморска височина
- Џами Тепе(Илов врв) со 1803 м
- Кадн'ски бунар со 1793 м
- Ченгино кале со 1745 м
- Орловец со 1723 м

- Голем Требомир со 1620 м
- Пецов рид со 1490 м

Општина Пехчево, заради погоре наведените карактеристики, се одликува со значително пониска средна годишна температура во однос на соседните општини и таа изнесува 8,9°Ц.Најтопло е во месец Јули и Август, со просечна месечна температура од 19,2°Ц, односно 18,9°Ц а најстудено е во месецитеДекември и Јануари со просечна месечна температуре од 0.3°Ц, односно -0,2°Ц. Што се однесува на нивото на врнежите, територијата на Општина Пехчево спаѓа во областите со средна вредност на влажност, т.е. припаѓаме на зоната на сува воздушна струја, па просечната годишна сума на врнежи изнесува 672,2 мм/м².Најмногу врнежи има во месеците Април и Мај(мах. 76,8мм/м²) во пролет и во Септември во есен.Најобилни врнежи со снег се јавуваат во текот на зимскиот период во месеците Декември и Јануари, односно снегот се јавува во периодот од месец Октомври па се до месец Мај и во вкупната количество на врнежи учествува со 15%.Бројот на врнежливи денови на годишно ниво изнесува 112 дена или 42,2 дена под снежна покривка.

Облачноста има најголеми вредности во текот на месеците Април, Мај и Септември во рана есен со ретка појава на магла, односно нејзина годишна просечна застапеност е 8,4 дена во годината со мах.во месец Декември од 2,5 дена.

Вредностите на релативната вредност на воздухот се намалуваат во периодот од Јануари до Август, а растат од Септември до Декември со просечна релативна  влажност на воздухот од 74%.

Според ружата на ветровите, во Општина Пехчево најголема зачестеност имаат ветровите кои дуваат од  правецот на север-северозапад, односно просечна годишна брзина на ветерот од северниот правец е 2,4м/сек. и мах. брзина од 19 м/сек. и северо-западниот ветер со  просечна годишна брзина од 2м/сек. и мах. брзина од 12,3м/сек.Ветровите што дуваат од правецот југ-југозапад се со послаб интензитет и се одликуваат со тоа што дуваат со најголема зачестеност во периодот на рана пролет донесувајќи врнежи и покачување на температурите.

## Хидрографија

Општина Пехчево поседува скромни водени ресурси, односно мал број на водотеци кои му припаѓаат на сливното подрачје на реката Брегалница, но сепак поради високиот планински терен на изворишните делови на реките и потоците, се забележува нивна релативно константна издашност во текот на целата година.

Најзабележителен хидрографски објект на територијата на Општина Пехчево, претставува Пехчевска река( Писа ) која извира од пазувите на Влаина Планина и врвот Кадиица на надморска височина од над 1600 м.Други поголеми водотеци во општината се: Умленска Река, Ж'тачка Река и други.

Водниот потенцијал во Општина Пехчево се одликува со чиста и бактериолошки исправна вода за пиење, а во прилог на искористувањето на водните ресурси во нашата општина во перспектива се можностите за изградба на мали хидро-електрани за производство на електрична енергија, како и изградба на мали хидро-акумулациони брани за наводнување на обработливото земјиште.

**Флора и Фауна**

Територијата на Општина Пехчево по својата местоположба е дел од југо-источниот ридско-планински предел од Република Македонија, и со својот претежно планински карактер обилува со голема разновидност на животински, растителни и ендемски видови. Животниот ареал на овие животни и растенија рамномерно е распределен и во рамничарските и повисоките делови и катови.

Од Флората најзастапени се буковата и боровата шума, макар што на територијата на Општина Пехчево се среќаваат и поголеми површини со дабова и мешано дабово-борова шума, сепак во вкупната застапеност преовладуваат буката и борот како доминантни растителни видови.Буковиот појас доминира во повисоките делови од планините заедно со белиот бор, додека црниот и поретко белиот бор и дабот најмногу се застапени во пониските делови на подпланинскиот појас.

За богатството на Општина Пехчево со разновидни шуми зборува и фактот дека од вкупната површина на територијата на Општина Пехчево, приближно околу 39% или 6775 ха се површини под високо квалитетни шуми.

Планинските пасишта истотака завземаат поголем дел и ги испрекинуваат широките шумските букови и борови комплекси со вкупно учество во територијата на Општина Пехчево со 6896,4 ха.

Општина Пехчево е богата и со животински видови со одлични можности за лов и риболов, односно територијата на општината е поделена на 3 ловни региони за кои во поглед на прихранувањето и одржувањето на дивечот најповикано е Ловното друштво “Буковик”.Од влакнестиот дивеч најзастапени се зајакот, дивата свиња, лисицата и јазовецот а се среќаваат и срни, волци, дивите мачки, ласицата, речната видра и други.Перјастиот дивеч е најмногу застапен со полската еребица, камењарката, потполошката, фазанот а се среќаваат и диви пајки,јастреби, орли и друго.

Интересно е да се спомене и присуството на еден ендемски вид кој го има на територијата на Општина Пехчево, а тоа е инсектојадното растение**Droserra Rotundifolia**/Дросера Ротундифолиа/ кое претставува своевидна атракција и препознатвив белег за општината во Република Македонија па и пошироко на Балканот.

Општина Пехчево е препознатлива и по богатството со разновидни лековити билки (чаеви, печурки и др.) и шумски плодови кои традиционално населението, како дарови од природата, ги користи во секојдневната исхрана и за медицински потреби.

**Патна мрежа и поврзаност**

Пехчево со својата местоположба се наоѓа надвор од атрактивните патни магистрали. Со внатрешноста на републиката и со останатите административни, стопански и културни центри Пехчево е добро поврзано со регионални патишта преку двата регионални патни правци:

- Р-527 Берово-Виница-Кочани;
- Р-523 Делчево-Пехчево-Берово-Струмица;

Оддалеченоста од Скопје изнесува 170 км или 2,5 часа возење. Со подобрувањето на патната инфраструктура во Источниот плански регион односно со изградбата на Брзиот магистрален пат Штип – Кочани како и Автопатот Штип – Миладиновци поврзаноста ќе стане уште подобра и побрзо ке се стигнува до Скопје, до аеродоромот Александар Велики, Меѓународната автобуска станица и Железничката станица Скопје. Истото ќе има позитивно влијание и ќе ја подобри достапнста на Пехчево за заинтересираните туристите од странство.

Во фаза на изградба е и меѓународниот патен правец Пехчево-Симитли (Република Бугарија) со чие заокружување ќе се подобри комуникацијата со соседните држави но и со Турција и земјите од Мала Азија.

Што се однесува на патната мрежа во Општина Пехчево, сите рурални населби се поврзани со асфалтен пат со општинскиот центар. Вкупната патна мрежа во општината Пехчево изнесува над 150 км. 31,1 км се локална патна мрежа од кои 28 км асфалтен и 3,1 км земјан пат. Уличната мрежа во Пехчево е со вкупна должина од 13 км од кои 9,6 км се асфалтен пат, 3,4 км се тампомирани површини и 1600 $м^2$ се тротоари со современа подлога. Уличната мрежа во руралните населби е со вкупна должина од 15 км од кои 5 км се асфалтирани патишта, 2 км се тампонирани површини и 8 км се со земјена подлога.

## РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

Руралниот туризам има потенцијал да одигра значителна и забележлива улога во интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија. Истиот интегрира, функционално е зависен и имплицира:

- Економски развој и одржливост
- Социо- културен развој
- Заштита и одржливост на животната средина

Руралниот туризам претставува нов вид туризам со двојна корист и за туризмот, и за руралниот простор. Дефинирањето на руралниот туризам се разликува во различните земји во Европа. Исто така, не постои единствена дефиниција за рурален туризам. Анализата на поединечните карактеристики и самото поимно толкување на селскиот туризам, еко-туризмот, винскиот туризам, гастрономијата како туристички производ, ловниот туризам, риболовниот туризам, туризам на фарма, туризам на земјоделска фарма, културен туризам и религиозен туризам, укажуваат на една заедничка компонента, а тоа е одвивање на активностите во рурална околина.

Главно под рурален туризам се подразбираат сите услуги и активности што се нудат во руралниот простор. Заеднички клучни елементи на руралниот туризамсе:

- руралниотпростор;
- зачуванаприрода;
- сместување во традиционални селскидомаќинства;
-ноќевање со појадок со можност за самостојна подготовка нахрана;
- традиционална руралнагастрономија;
- комуникација содомаќините;
- запознавање и/или учество во земјоделски активности, традицијата и начинот на живеење на локалното население.

Преку развој на овој вид туризам, може да се регенерираат руралните подрачја, а од друга страна да се постигне економски напредок и зачувување на природата. Согласно анализите на WTO (World Tourism Organization) и ETC (European Travel Commision), Европа како број 1 туристичка дестинација во светот покажува тенденција на зголемување на бројот на туристи кои користат продолжени викенди како начин на одмор од избегнување на стресното живеење во урбаните средини. При изборот на дестинации за користење на продолжени викенди, 3 – 4 дена, туристите одбираат блиски дестинации достапни со автомобилски и автобуски транспорт или транспорт организиран со нискобуџетни авиокомпании.

При избор на дестинации за краток престој предност имаат дестинациите што нудат разни форми на селски, планински туризам и спа-туризам.

Примарни фактори што влијаат при изборот на дестинацијатасе:

- автентичноста надестинацијата;
- квалитет на услуга како вкупна перцепција од сите точки на контакт со локалното население, култура и начин наживеење;
- цена на пакет услугата (транспорт, сместување, угостителски услуги, билети и други трошоци);
- промоција на дестинацијата на интернет, коментари од посетители на дестинацијата и од нив препорачанитеискуства;

Иако мала, оваа општина има силна визија за успех и развој во иднина. Како носител и можност за развојот граѓаните го посочуваат Руралниот туризам за кој постои голем потенцијал. Пехчевчани со право очекуваат нивната општина да стане атрактивна дестинација за сите што сакаат да дојдат, да го посетат, да се одморат но и да останат и инвестираат во неговиот одржлив раст и развој.

За остварување на оваа цел Општина Пехчево одлучи да развие своја Стратегија, и развојот на Руралниот туризам да го крене на повисоко ниво, како еден од приоритетите за периодот 2018 - 2023 г. И интензивно да работи за реализација на истата.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Процесот на подготовка на Стратегијата за развој на руралниот туризам во Пехчево траеше 10 месеци. Истиот се реализираше во следниве фази:

- Дијагностика
- Креирање на Стратегија
- Подготовка на Акциски план
- Подготовка на насоки и чекори за успешна имплементација

*Дијагностика*

Истата биеше имплементирана на Партиципативна основа и во процесите ги вклучи сите заинтересирани страни. Методите за дијагностицирање вклучија:

- Работилница
- Итревјуирање
- Состаноци
- Посети на клучни локации
- Анализи на постоечки Локални, Регионални /Источниот плански регион/ Национални и Меѓународни релевантни стратешки документи и политики

Постигнати резултати:

А) Утврдени состојби и потенцијали за развој на руралниот туризан во општина Пехчево

Б) Подготвена Студијата за состојбите и потенцијалот за развој на рурален туризам во општина Пехчево која претставува основа и значаен документ што ги посочува потенцијалите и можностите за развој на руралниот туризам на овој простор.

*Креирање на Стратегија*

Методите за креирање на стратегија вклучија:

- Работилница на која беше направена SWOT/СВОТ анализа во однос на развој на Рурален туризам
- Итревјуирање
- Состаноци
- Посети на клучни локации
- Анализи на постоечки Локални, Национални и Меѓународни релевантни стратешки документи иполитики

Постигнати резултати:

А) дефинирана Визија

Б) дефинирана Мисијата/мисиите/ на различните заинтересирани и вклучени страни

В) дефинирани приоритетни Области на делување

В) поставени Стратешки и Програмски цели, по областите на делување

Г) одреден Стратешки пристап

Д) утврдени потенцијални Проекти и Очекувани резултати

*Креирање на План за акција за имплементација на Страгеијата*

Методите за подготовкана план за акција за имплементација на стратегијата вклучија:

- Итревјуирање
- Состаноци
- Посети на клучни локации
- Анализи на постоечки Локални, Национални и Меѓународни релевантни стратешки документи и политики

Постигнати резултати:

А) поврзани Стратешки и Програмски цели

Б) потенцијални Проекти и Очекувани резултати

В) утврдениРокови, Можни реализатори, Показатели на успех, Извори на верификација, Можни извори за Финансирање

Подготовка на насоки и чекори за успешна имплементација

Методите вклучија:

- Консултирање на стручна литература и релевантни документи

Постигнати резултати:

А) подготвени насоки и прпораки за успечна имплементација

Партиципаторна работилница за презентација и ревизија на финалниот нацрт на Стратегијата

Методите вклучија:

- Интерактивна пленарна презентација
- Дискусија и повратна информација од учесниците
- Евидентирање на предлозите за нивно вклучување во финалниот нацрт

Постигнати резултати:

А) презентиран финален нацрт

Б) извршена партиципаторна ревизија на финалниот нацрт

В) финализиран документ

**РЕЗИМЕ/да се внесе/**

Н

т.

# ДИЈАГНОЗА

Како основа за дијагнозата се земени резултатите од партиципаторната работилница за планирање, неформалните интервјуа со релевантни пратставници на локалната самоуправа и граѓани, како и 3 клучни релевантни документи. 2 локални и 1 регионален и тоа:

1. Студијата за состојбите и потенцијалот за развој на рурален туризам во општина Пехчево;
2. Под-Стратегијата за Рурален развој на општина Пехчево;
3. Студијата за состојбите и потенцијалот за развој на рурален туризам во Источниот плански регион;

Заклучоци:

- Недопрената природа, еколошкото производство, ловиштата, флората и фауната на територијата на општина Пехчево можат да обезбедат конкурентни предности пред другите региони.
- Антропогените фактори исто така се силните страни на руралниот туризам во општина Пехчево кои треба да бидат искористени во насока за развој на селата и враќањето или задржувањето на локалното население во нив.
- Гледајќи ја збирно целата понуда на општина Пехчево во поглед на руралниот туризам неопходно е инвестирање во патната и комуналната инфраструктура и туристичките содржини за да може постоечките ресурси во целост да севалоризираат;
- Пристапноста до наведените села е релативнодобра но постои потреба од подобрување на истата;
- Евидентен е недостигот на човечкиресурси;
- Инхерентните карактеристики на општина Пехчево се позитивни и вредни /атрактивен планински простор со бројни разновидности флора, фауна, хидрографија, пејсажи и културно-историски вредности/ кои мора да сесочуваат;
- Храната во општина Пехчево е здрава, квалитетна и најчесто е произведена на традиционален начин.
- Специфичноста на туристичките ресурси е исто такаголема.
- Развојот на туризмот и угостителството во последно време го има главното место во развојот на општината Пехчево.
- Постои туристичка населба „Равна река“ во чија близина се наоѓаат „Пехчевските водопади“, „Чабуковски водопади“, „Дебел рид“ и „Црн дол“.

- Во близина на Равна река се наоѓа и шумскиот парк „Скокото“ со истоимениот водопад. Овде се изградени два мотели: Загорка и Идила кои располагаат со сопствени рибници во кои се одгледува калифорниска пастрмка. Овој локалитет располага и со приватни вили за сместување, спортско игралиште за фудбал и кошарка, базен во рамките на мотелот Идила, место за пикник (летниковци), патеки за велосипеди и пешачки патеки.
- На територијата на Малешевијата има маркирано пет пешачки патеки. Дел од пешачките патеки може да се искористат и за планински велосипедизам.
- Сето наведено укажува дека на така мала површина што ја има општината Пехчево, има вистинско богатство од атрактивни природни и културно историски објекти.
- Иако со слаб интензитет и динамика, во последно време овие убавини стануваат достапни за туристите преку подобро уредување, изградба на сместувачки капацитети.
- Постои недостаток од легла и стандардизација на објектите;
- Постои потреба и недостаток од функционален планинарски дом/домови;
- Постои потреба и недостаток од функционален камп;
- Постои потреба и недостаток од функционален хостел;
- Најголеми проблеми претставуваат: депопулизација на селата (најголемиот дел од нив се со старечко население), генрално лошата локална /селска/ патна инфраструктура, лоша пристапност, и слаби човечки ресурси.
- Постои потреба од поголема промоција на можностите.
- Иако манифестациите имаат комерцијален карактер, тие не се насочени кон генерирање приходи за понатамошен развој на истите и нивно усовршување ипроширување.
- Досега не се ангажираат надворешни професионалци за организација на овие манифестации или ивент агенции, туку ги организираат самата општина и некои невладини организации .
- Манифестациите имаат потенцијал да станат генератори на поголем број посетители, но со вложување поголеми средства и ангажирање професионалци во нивната организација, како и вложување во маркетинг и промоција, односно брендирање на истите како туристичкипроизвод.
- Сеуште не постои развиена и оперативна институционална форма за менаџирање со Руралниот туризам во Пехчево.

## SWOT – СВОТ Анализа

**<u>Сили</u>**

- *Планина ВЛАИНА, Врв КАДИИЦА*

*Атракции: Копана вода, Трла, Бачила*

- *Ченгино кале*
- *Буковик*

*Атракции:Инсектојадно растение, Вртена скала*

- *Требомир*
- *Црна чешма*

*Атракција:Студена вода*

- *Равна река*

*Атракции:Водопади, Извор на Брегалница*

- *Ајдучки кладенец*

*Атракции:Историски локалитет, Изобилие на билки и шумски плодови*

- *Света Петка*

*Атракции: Археолошки локалитет, Свето место*

- *Стари традиционални куќи и други објекти за реставрација*
- *Нов хотел со стандардизиран капацитет за сместување*
- *Адреналинска патека и езерце*
- *Фудбалски стадион*

*Атракција: Можност за спортски приредби и подготовка на спортисти*

- *Патеки за планински велосипедизам*
- *Места за кампување*
- *Разновиден дивеч*
- *Фолклор*

*Атракции: Носии, Игри, Песни*

- *Инсектојадно растение /ендемска врста во однос на цел Балкан/*
- *Голема застапеност на природни шумски плодови и разновидни и лековити растенија*
- *Здраво и еколошки чисто мелко и млечни производи*
- *Здраво и органски произведено јагнешко и јарешко месо*
- *Богата музичка традиција и наследство кои можат да се изучуваат и промовираат*

- *Размножување на бубачки*
- *Можности за понуда на приватно сместување на туристи во повеќе објекти каде сопствениците се привремено отсутни*
- *Големи можности и природни услови за развој на планинскиот, ловниот и риболовниот туризам*
- *Голем број на разни видови на птици*

*Атракции: Сите наведени сили воедно претставуваат атракции*

**Слабости**

- *Недоволна и руинорана општа инфраструктура*
- *Локалното стопанство нема доволен капацитет за поддршка на развојот на руралниот туризам*
- *Нерегулирани имотно правни односи*
- *Некомплетирана техничка документација*
- *Не постои Туристичко информативно биро*
- *Недоволна и несоодветна промоција и рекламирање на туристичките атракции*
- *Бачилата се руинирани и напуштени*
- *Нема музеј/и*
- *Пвеќето локални туристички локации и атракции не се соодвето одбележени*
- *Коритото на реката Писа е неуредено*
- *Недоволен број на сместувачки капацитети*
- *Отсуство на разновидност кај сместувачките капацитети*
- *Концесионерот на ловиштата е пасивен и не го менаџира соодветно ловниот туризам*
- *Недоволен интерес и мозности за локално финансирање на фолклорот*
- *Градежни активност и уредување на околината по сопствен вкус и план*
- *Отсусво на мапирање и заштита на подрашјата*
- *Локалните шумски плодови и растенија не се брендирани и доволно промовирани*
- *Не постои туристичко информативно биро*
- *Нема доволно сместувачки капацитети во Равна река*
- *Отсуствува свест за потребата од стандардизација на сместувачките капацитети*
- *Нема планинарски дом, жичара и друга туристичка опрема*
- *Нема камп и хостели*
- *Недоволна едукација на граѓаните за рурален туризам*

**Можности**

- *Постојат државни форндови за промоција развој на културата*
- *Постојат државни форндови за промоција развој на туризмот*
- *Воспоставување на Јавно-приватни партнерства*
- *Ангажирање на постоечкиот стручен кадар во Р.Македонија*
- *Агенција за рурален развој на Р.М.*
- *ИПА/ИПАРД фондовите*
- *Меѓугранична соработка*
- *Меѓународни донации и соработка*
- *Јавно приватни партнерства*

**Закани**

- *Националното стопанство нема доволен капацитет за поддршка на развојот на руралниот туризам*
- *Нерегулирани имотно правни односи*
- *Некомплетирана техничка документација*
- *Урбанистичката и законската регулатива понекогаш е пречка за развој и инвестиции*
- *Несоодветна законска регулатива*
- *Ниска свест кај граѓаните во РМ за можностите што ги нуди руралниот туризам*

# СТРАТЕГИЈА

## Визија:

“Развојот на руралниот туризам во Пехчево ќе создаде економски, социјални, туристички и еколошки вредности кои суштински ќе придонесат кон руралниот и целокупниот развој на општината“

## Мисија:

Мисиите на партнерите вклучени во процесот на креирање и имплементација на стратегијата се различни, комплементарни и посветени кон реалицијата на претходно посочената заедничка визија.

**Мисија на локалната самоуправа**

- Нормативно регулирање, инфраструктурно уредување, техничка и директна поддршка

**Мисија на реалниот сектор**

- Обезбедување на: претприемнички иницијативи, ресурси, квалитет и квантитет на атрактивни понуди и можности

**Мисија на граѓанскиот сектор**

- Информирање на јавноста, учество во релевантни истражувања и градење на капацитети за нејзино вклучување во процесите на донесување на одлуки на локално ниво

**Мисија на граѓаните**

- Посветеност кон личен развој, претприемништво и самовработување

**<u>Области на делување.</u>**

1. ***Унапредување на туристичката и комуналната инфраструктура во руралните населби во општина Пехчево***

2. ***Заживување на Туристичко биро во општина Пехчево***

3. ***Креирање на атрактивни туристички програми***

4. ***Маркетинг и промоција на руралните потенцијали, атракции и туристички програми на општина Пехчево***

## Стратешки и Програмски Цели по области на делување, Проекти и Очекувани резултати

1. ***Унапредување на туристичката, сообраќајната и комуналната инфраструктура во руралните населби во општина Пехчево***

***<u>Стратешка цел 1.:</u>*** Обезбедување на стандардизирани услови за сместување на туристи во селата во општина Пехчево до крајот на 2023 година.

**Програмска цел 1.1**. Да се евидентираат и стандардизираат собите наменети за сместување на туристи во селата во општина Пехчево до крајот на 2019 година.
**Проект 1**.: Евиденција и стандардизација на соби за сместување на туристи во селата во општина Пехчево
**Очекуван резултат 1.1**.: Подготвен <u>Регистар</u> на Домаќинства, Куќи, Соби по категорија, вклучително и други релевантни податоци за храна и сместување, по село кој понатаму ќе се користи за каталогизација, промоција и маркетинг од страна на Туристичкото биро, Реалниот сектор но и Општината на локално, регионално и меѓународно ниво.

**Програмска цел 1.2**. Да се изгради најмалку еден <u>Камп</u> согласно стандардите за квалитет и очекувањата на туристите од ЕУ на територијата на општина Пехчево до крајот на 2023 година
**Проект 2**.: Изградба на Камп согласно стандардите за квалитет и очекувањата на туристите од ЕУ на територијата на општина Пехчево /големината, категоријата и капацитетот ке бидат утвредени дополнително/.
**Очекуван резултат 2.1**: Изграден најмалку еден Камп согласно стандардите за квалитет и очекувањата на туристите од ЕУ на територијата на општина Пехчево до крајот на 2023 година со што ке се создадат услови за привлекување на туристи кои преферираат кампување. Бројот на овие туристи би можел да биде значителен.

**Програмска цел 1.3**. Да се изгради најмалку еден <u>Планинарски дом</u> согласно стандардите за квалитет и очекувањата на туристите од ЕУ на територијата на општина Пехчево до крајот на 2023 година
